**С О В Е Т  НА  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ДЕВЕТНАЕСЕТТАТА седница
## на Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 25.01.2019 година

**СКОПЈЕ, ЈАНУАРИ 2019 ГОДИНА**

# З А П И С Н И К

**Од Деветнаесеттата седница на**
**Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 25.01.2019 година**

Седницата започна во 11,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба - **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба и претставници од општинската администрација.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Осумнаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Осумнаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, со **27 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

За работата на денешната седница на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, со следниот предлог за **дополнување** на дневниот ред, согласно извештајот на комисијата за општествени дејности, бр.09-242/2 од 25.01.2019 година:

**13.** Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за организација и изведување на екскурзии на ООУ "Дане Крапчев" - Скопје, за учебната 2018/2019 година.

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"13"** беше ставен на гласање и усвоен со **27 гласа "ЗА"**.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Упати прашање до Градоначалникот на Општина Гази Баба во врска со статусот на административниот службеник Елисавета Најдовска, со оглед на тоа дека со одлуката на второстепениот орган е поништено првостепеното решение а службеникот сеуште не é вратен на работа.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Го образложи досегашниот тек на постапката и истакна дека во тек е управен спор поведен пред Управниот Суд - Скопје, инициран од страна на општината.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Го образложи диспозитивот на одлуката на второстепениот орган со кој првостепеното решение е поништено а постапката е вратена пред првостепениот орган. Доколку Градоначалникот не é стручен да даде потребно образложение, потребно е тука да имаме присутни и службеници од одделението за човечки ресурси, односно треба да се поднесе предлог за дополнување на дневниот ред.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Добро е кога се дискутира да се имаат пред себе и решението на првостепениот орган (општината) а не само одлуката на второстепениот орган. Во одделението за човечки ресурси ја има комплетната документација. Во ред е ако сакате да има посебна точка како дополнување на дневниот ред, иако ова не е во доменот на Советот да расправа. Општината го искористи правото со тужба да заведе управен спор односно да ја оспори одлуката на второстепениот орган. Би требало да се извините од оваа говорница, никој никого не лаже ниту некој од некого нешто прикрива.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Предложи и ги образложи предлозите за **дополнување** на дневниот ред со следните точки:

**14.** Предлог - Одлука за финансиска поддршка на бранителите и нивните семејства, учесници во конфликтот во 2001 година кои живеат на територија на Општина Гази Баба;
**15.** Предлог - Одлука за итна набавка на прочистувачи на воздухот;
**16.** Предлог - Заклучок за прифаќање на иницијатива за подигање на спомен - обележје во знак на почит и сеќавање кон загинатите во поплавите од 6-ти август, 2016 година;
**17.** Информација за статусот на административниот службеник Елисавета Најдовска; и
**18.** Советнички прашања.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Да дадам коментар во однос на предложените точки.

Околу дополнување на дневниот ред со Предлог - Одлука за итна набавка на прочистувачи на воздухот - на една од претходните седници беа донесени соодветни одлуки за прием на прочистувачи на воздухот за објектите на детските градинки, доделени со одлука на Владата на РМ. Сите занимални во објектите имаат прочистувачи на воздухот. Дополнително се обезбедени 5 од Лукоил. Ако сметате дека треба да има повеќе од еден во занимална, тоа е друга работа.

Околу дополнување на дневниот ред со Предлог - Заклучок за прифаќање на иницијатива за подигање на спомен - обележје во знак на почит и сеќавање кон загинатите во поплавите од 6-ти август, 2016 година - минатата година одбележавме

две години, има повеќе прашања кои треба да се одговорат на пример за причината поради која дојде до поплавите, местото каде би се поставило спомен-обележјето, итн.

Околу дополнување на дневниот ред со Предлог - Одлука за финансиска поддршка на бранителите и нивните семејства, учесници во конфликтот во 2001 година кои живеат на територија на Општина Гази Баба - Ако сакаме да ја копираме Општина Сарај, тоа е популистичка мерка. Јас несакам да разговарам од повеќе причини. Општината неможе да си стави дополнителен финансиски товар за нешто што е во надлежност на соодветните министерства. Немаме ниту регистар на бранители. Околу надоместоците за кои треба да се ослободат, сметам дека праќаме лоша порака. Советот ја носи но јас сум должен да укажам и на финансиските импликации во буџетот на општината и политичките последици кои би можеле да следат од носење на одлука од ваков карактер, пред истата да се донесе.

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"14"** беше ставен на гласање и усвоен со **14 гласа "ЗА", 2 гласа "ПРОТИВ" и 11 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"15"** беше ставен на гласање и усвоен со **16 гласа "ЗА" и 11 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"16"** беше ставен на гласање и усвоен со **14 гласа "ЗА" и 12 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"17"** беше ставен на гласање и усвоен со **14 гласа "ЗА" и 13 гласа "ПРОТИВ"**.

Член на Совет - **Зоран Стојанов** (коалиција предводена од СДСМ):

Ова веќе станува пракса на сама седница да се дополнува дневен ред и да се поднесуваат материјали за кои воопшто и немаме време ниту да ги разгледаме ниту да одлучиме како треба да се гласа. Тоа е ситуација и со предлогот за дополнување на дневниот ред со точка - советнички прашања. И ние како советничка група сакаме да поставиме одредени прашања. Барам советничките прашања да бидат разгледувании на следната седница. Мој предлог е во иднина да се воспостави пракса на посебна седница на совет да бидат советнички прашања.

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"18"** беше ставен на гласање и усвоен со **14 гласа "ЗА" и 13 гласа "ПРОТИВ"**.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Предложи **изменување** на предложениот дневен ред, односно точката 13.Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за организација и изведување на екскурзии на ООУ "Дане Крапчев" - Скопје, за учебната 2018/2019 година, **да биде разгледувана како точка 1 од предложениот дневен ред**.

Предлогот за изменување на дневниот ред на член на Совет - точката **"13"** да биде разгледувана како точката **"1"** беше ставен на гласање и усвоен со **27 гласа "ЗА"** .

*Точката "13" станува точка "1", а точките редоследно од "1" до "12" стануваат точки редоследно од "2" до "13".*

За работата на седницата со **14 гласа "ЗА" и 12 гласа "ВОЗДРЖАН"** (**со измените и дополнувањата**) беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за организација и изведување на екскурзии на ООУ "Дане Крапчев" - Скопје, за учебната 2018/2019 година;
2. Информација од овластен градежен инспектор на Општина Гази Баба за бесправно изградениот објект кај "Електроелемент";
3. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година;
4. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2019 година;
5. Предлог - Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2019 година;
6. Предлог - Одлука за поништување на Одлуката за изменување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, заради остварување на заедничка цел - изградба, реконструкција и санација на улици во населените места во Општина Гази Баба;
7. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за именување на претставници од Општина Гази Баба во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;
8. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Григор Прличев" - Скопје;
9. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за определување на членови од Советот на Општина Гази Баба, за учество во склучување на бракови во матична служба на Град Скопје и месните канцеларии во Општина Гази Баба;
10. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2018 година;
11. Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2019 година;
12. Предлог - Одлука за одобрувањето на извештајот за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски;
13. Предлог - Одлука за избор на командир на полициска станица од општа надлежност - Гази Баба;
14. Предлог - Одлука за финансиска поддршка на бранителите и нивните семејства, учесници во конфликтот во 2001 година кои живеат на територија на Општина Гази Баба;
15. Предлог - Одлука за итна набавка на прочистувачи на воздухот;
16. Предлог - Заклучок за прифаќање на иницијатива за подигање на спомен - обележје во знак на почит и сеќавање кон загинатите во поплавите од 6-ти август, 2016 година;
17. Информација за статусот на административниот службеник Елисавета Најдовска; и
18. Советнички прашања.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за организација и изведување на екскурзии на ООУ "Дане Крапчев" - Скопје, за учебната 2018/2019 година.**

Претседателот на комисијата за општествени дејности - **Дијана Илиевска**, поднесе извештај од седницата одржана на 25.01.2019 година.

Комисијата предлага Советот да го донесе следниот материјал:

- Предлог - Одлука за давање позитивно мислење на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за организација и изведување на екскурзии на ООУ "Дане Крапчев" - Скопје, за учебната 2018/2019 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање позитивно мислење на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за организација и изведување на екскурзии на ООУ "Дане Крапчев" - Скопје, за учебната 2018/2019 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Информација од овластен градежен инспектор на Општина Гази Баба за бесправно изградениот објект кај Електроелемент.**

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Да го потсетам Градоначалникот што кажа на 18-тата седница на Советот: отворен цитат - "Како Градоначалник морам прво да ја добијам одлуката на второстепениот орган и да ги видам забелешките на постапката. Мора да влечеме потези многу внимателно. Не е само објектот кај Електроелемент, постојат и други објекти. Пред некој ден дадов задолежение да се направи комплетна анализа и изготви информација за постоење на бесправни објекти во општината. Дека немаме капацитет да постапиме насекаде со еден овластен градежен инспектор - немаме. Мора да се стопираат бесправно изградените објекти. Постапката мора де се води стручно и во согласност со законот за да не се доведеме во ситуација да плаќаме пенали. За следната седница ќе подготвам информација за овој предмет. Постапката ја води овластен градежен инспектор а не Градоначалникот на општината. Мора да бидеме сигурни во нашите постапки а во интерес на општината. " - затворен цитат.

Следната седница е денес а информацијата не е доставена до советот. Кога ќе ветите нешто исполнете го тоа. Треба од вашиот кабинет да ве следат кога говорите на седниците.

Претставник од општинската администрација - овластен градежен инспектор на Општина Гази Баба - **Милка Петковска**:

Согласно одлуката на второстепениот орган, подготвени се соодветни акти во управна постапка и доставени се до инвеститорот.

Член на Совет - **Елизабета Стојменова** (коалиција "За подобра Македонија"):

Веќе неколку седници по ред вие го давате истиот одговор. Дали знаете што значи терминот "злоупотреба на службена должност"?!.

Претставник од општинската администрација - овластен градежен инспектор на Општина Гази Баба - **Милка Петковска**:

Овие обвинувања не се основани, ако добро ме пратите, јас ја презентирам целокупната постапка со сите превземени дејствија. Оттука не се согласувам дека давам исти одговори.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Мене многу ми е жал заради тоа што сте вклучени во многу лоша игра. Постои Закон за заштита на укажувачи. До мене е пристигната информација добиена од укажувач дека Вие почитувана Милка Петковска неможете да бидете овластен градежен инспектор во општината. Согласно член 18 став (4) од Законот за инспекциски надзор, се пропишани законските услови кои треба лицето да ги исполнува, каде во последниот став е пропишано дека лицето треба да има положен испит и да поседува лиценца за овластен градежен инспектор. Укажувачот по претходна проверка во регистарот за издадени лиценци, потврди дека вашето име го нема во регистарот на издадени лиценци. Ве молам од оваа говорница да го информирате советот, дали вие поседувате лиценца за овластен градежен инспектор ?. Ако е точно дека немате дали знаете што следува?!. Што се однесува до постапката околу бесправно изградениот објект кај Електроелемент, согласно Законот за градење го имате испочитувано законот во член 134. Но во член 136 од истот закон вие сте требале на лице место да го затворите градилиштето и да поставите посебен службен знак, но истото до ден денешен не е испочитувано и градилиштето не è затворено. Дали сте се обратиле до надлежниот државен орган за помош ?. Член 160 ја пропишува глобата која се изрекува на инвеститорот кога е донесено решение за прекинување на градбата. Дали Вие сте изрекле глоба како што налага законот во случаи кога не е затворено градилиштето ?!. Може сега друг да Ве советува што да кажете од оваа говорница, но пред надлежен јавен обвинител нема да биде така. Дали Вие поднесовте кривична пријава заради бесправната градба ?. За крај да истакнам дека тој владин фунционер кој е во корелација со Градоначалникот за оваа работа, и му наредува како да постапи, нема да одговара. Ќе одговарате вие и Георгиевски кој патем има и други работи за кои треба да одговара. Искрено лично се плашам за вас во делот дека немате лиценца за овластен градежен исхспектор. Нека не ве манипулираат со моменталната моќ која ја имаат. Знаеме дека сте под закана. Ние сме тука да ги заштитиме сите вработени кои од причини на различна политичка припадност се под репресија. Постапете во согласност со законот. Ве молам да ми одговорите редоследно на прашањата кои ги поставив.

Претставник од општинската администрација - **Трајан Петровски**:

Да одговорам во делот околу лиценците. На ниво на цела држава, инспекторите од единиците на локалната самоуправа со постоечкиот закон се ослободени од полагање на испит за стекнување на лиценци. И со новиот Предлог-Законот за инспекциски надзор кој е во постапка, повторно инспекторите од единиците на локалната самоуправа нема да полагаат, туку по автоматизам на сите

инспектори ќе ни бидатат дадени лиценци без полагање.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Немањето одговор е потврда за она што го говориме. Се работи за тежок криминал. Ќе побараме пауза за да може овластениот градежен инспектор да ни даде одговор на поставените прашања.

Претставник од општинската администрација - овластен градежен инспектор на Општина Гази Баба - **Милка Петковска**:

Ќе ви биде одговорено во писмена форма.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Почитувана инспекторке, оваа точка е дел од деневен ред веќе неколку седници. Вие требаше и мораше да ги очекувате овие прашања и да ги подготвите одговорите. Овие одговори кои ги давате не се во ред. Процедурата е во тек а објектот е веќе изграден ?!. Мене не ми е јасно истакнувате дека работите согласно закон и процедура, а на лице место се гради објект без дозвола сред Скопје и ќе го заврши објектот. Дали додека трае постапката тој може да гради ?.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Советник Трајковски ме спомнавте во неколку наврати и на оваа сдница и на минатите седници во негативна конотација, "некој некому нешто му наредува што треба да се прави" итн. Тие ваши тврдења треба и соодветно да ги поткрепите. На секоја седница упорно и упорно истакнувате "Георгиевски е криминалец" "Георгиевски е нарачател" и патем се заканувате. Мора да се пази на достоинството на секој присутен во оваа сала, ова е недозволиво. Точката на расправа е сосема друга. Ако говориме за криминал и за кривични дела можеме да почнеме лично од вас и да одиме понатаму. Но тоа е недозволиво од оваа место, од оваа говорница. Ќе има пауза, надлежниот инспектор ќе ви достави одговор во писмена форма.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Кога се говори за кривични дека треба да почнеме од вас од причина што седите во првиот ред. Јас цитирав закони. Ако одреден закон не се почитува,, постои кривично дело злоупотреба на службена должност и несовесно работење во службата. Во оваа државаа постојан закони. Точно е дека сега не се почитуваат, но ќе дојде ден кога тоа ќе се промени. Одговорно тврдам дека за оваа точка не се постапува по закон.

Претставник од општинската администрација - овластен градежен инспектор на Општина Гази Баба - **Милка Петковска**:

Морам да ги отфрлам обвинувањата и повторно истакнувам дека целокупната постапка, сите превземни дејствија и донесени акти во управна постапка се во согласност со законот. Второстепенит орган нема никакви забелешки на мојата работа.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Почитувана инспекторке, дали со донесената одлука на второстепениот орган, инвестиоторот има право да продолжи да гради?. Ако тоа не è случај, со кое конкретно дејствије вие го спречивте инвеститорот во тоа, односно го спречивте да продолжи да гради ?.

Претставник од општинската администрација - овластен градежен инспектор на Општина Гази Баба - **Милка Петковска**:

Го цитираше диспозитивот од одлуката на второстепениот орган. Постапката е повторно вратена на повторно одлучување кај првостепениот орган.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Многу јасно ги поставив прашањата, но вие упорно не ми одговарате. Пак да ги повторам прашањата.

Претставник од општинската администрација - овластен градежен инспектор на Општина Гази Баба - **Милка Петковска**:

Повторно го цитираше диспозитивот од одлуката на второстепениот орган. Постапката е повторно вратена на повторно одлучување кај првостепениот орган.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Барам пауза од еден час. Барањето е поткрепено од 5 советници.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Исполнети се условите во согласност со Деловникот.

Давам пауза од еден час.

**По паузата.**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Од стручните служби сум информиран за изготвен писмен одговор од страна на овластениот градежен инспектор. Одговорот ви е доставен. Дали овластениот градежен инспектор сака дополнително да се произнесе ?

Претставник од општинската администрација - овластен градежен инспектор на Општина Гази Баба - **Милка Петковска**:

Го информираше Советот за сторена техничка грешка во одговорот.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Добивме одговор, но на тој одговор нема ниту потпис ниту печат. Не се зне кој го изготвил. Ве замолувам Градоначалник, доколку инспекторката стои позади овој одговор, да го потпише и на истиот да се стави печат. Вака изготвен неможе да

послужи во судска постапка.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

На минатите седници добивме идентични одговори *(ги цитираше дискусиите од претходните седници)*. Јас се потрудив да ја разберам оваа проблематика. Сме добиле доберба од граѓаните и таа доверба треба да ја оправдаме. Станува збор за сложена ситуација и можам да истакнам дека и покрај сите укажувања од нашата советничка група не се стори ништо за да се спречи изградбата на бесправниот објект. Оваа постапка мора да се доведе до крај и да се најде виновникот за оваа ситуација. Одобрение за градење не ѐ издадено а на лице место постои објект. Се гради интензивно а еве и фотографии од лице место направени денес пред да дојдам на седница. Почитувајте го советот и неговите ингеренции. Едно говорите, друго правите а трето се случува на терен. Немојте да го манипулирате советот со неточни информации. Дали имате наредба од некого тоа не не интересира, тоа што не интересира е да постапувате во согласност со законот. Барем да го затворевте градилиштето и да го обележавте. Ниту тоа не го сторивте. Овие ваши одговори се крајно паушални.

Претставник од општинската администрација - овластен градежен инспектор на Општина Гази Баба - **Милка Петковска**:

Почитуван советник, обвинувате за нешто што не ѐ точно. Вие погрешно ги читате приложените акти. Записникот на лице место е од 14-ти јануари 2019 година. Таму има слика од сегашната состојба. Јас не велам дека не се гради. Ги чекавме исходот од жалбената постапка за да не сториме прекршок. Се работи за габаритен објект. Рокот е даден и доставени се актите до инвеститорот. За поведување на кривична постапка не е доцна и тоа можеби ќе се стори во догледно време. Не е замижано пред тој бесправен објект, но постапката мора и треба да се води внимателно.

Член на Совет - **Елизабета Стојменова** (коалиција "За подобра Македонија"):

Почитувана инспекторке, очигледно е дека сте видно вознемирени, па дојдовме до момент вие да ни укажувате дали читаме или не читаме добро !? Точно е дека повторно сте направиле увид на 14 -ти јануари 2019 година и сте изготвиле записник. Врз основа на тој записник сте донеле решение со кое на инвеститорот му се наредува во рок од 30 дена да ја отстрани градбата. Ве молам за јасен одговор што значи тоа дека се наредува во рок од 30 дена да ја отстрани градбата, и дали тоа значи дека во тој рок од 30 дена инвеститорот сеуште може да гради.? Со даденото решение е јасно дека со моментот на доставување на решението на инвеститорот тој е должен да ја прекине градбата и во рок од 30 дена целосно да ја отстрани градбата. Ве молам немојте да не правите малоумни дека ништо не разбираме. Повторно ќе ве прашам дали знаете што значи злоупотреба на службена должност ?.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Имаме нелогична ситуација и мене стварно не ми е јасно што говори инспекторката. Од една страна од говорница истакнува дека "објектот се гради" а има "решение за отстранување" на истиот објект донесено на 24.01.2019 година ?!. Мене навистина не ми е јасно, дали ние навистина неразбираме или вие не ја говорите вистината. Ве молам немојте да не деградирате како советници.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Прво инспекторке, претходниот одговор да ни го доставите потпишан, со печат и заведен во писарницата на општината, а не изменет како што има практика кога ќе побараме одреден документ го менуваат оригиналот, но тоа во наредна прилика. Ова е последна седница на која говориме за оваа точка. Четири седници наназад ви дадовме можност и ви укажавме дека го кршите закони. И вие сте свесни за тоа и советниците од СДСМ кои молчат, и тие знаат дека сме во право. Ние како советничка група ќе поднесеме кривична пријава против овластениот градежен инспектор како првопријавен, бидејќи не постапува согласно законот и овластувањата. Во известувањето на овластениот градежен инспектор наведува дека во одлуката на второстепенот орган меѓу причините наведени за поништување на првостепеното решение не се наведени други законски мерки како што е затворање на градилиште. Зарем треба второстепениот орган да го наведува тоа што требало да биде работа на првостепениот орган. Во член 136 од Законот за градење е наведено дека во случаите на членовите 134 и 135 од овој закон, овластениот градежен инспектор пред донесување на решение за отстранување, ќе нареди на лице место затварање на градилиште односно на негов дел и ќе постави службен знак. Ако не се почитува следуваат казни и тоа нетреба да го наведе второстепениот орган. Ние како советничка група како што истакнав претходно, ќе поднесеме кривична пријава против овластениот градежен инспектор како првопријавен и Градоначалникот на Општина Гази Баба како второпријавен и ќе мора да одиме во друга постапка за да се утврди виистината. Нека ми простат колегите од мојата советничка група, но вие не правите будали, ние конкретно прашуваме а вие одговарате во друг правец. Градоначалник, имате до крајот на овој ден доволно време, укажете и на инспекторката да постапи во согласност со закон и да го затвори градилиштетото. Нашата конструктивност тука и денес завршува. Ќе водиме постапка пред сите надлежни органи и ќе ви докажеме дека не постапувате во согласност со законот. А кога тоа ќе се докаже ќе побараме и одговорност од ваша страна.

Член на Совет - **Елизабета Стојменова** (коалиција "За подобра Македонија"):

Градоначалник се обраќам до вас. Пред паузата бевте видно вознемирен и нешто му укажувавте на колегата Трајковски. Да бевте доблесен и сега ќе реагиравте на дофрлањата на вашите советници од место за работи кои не ги познаваат.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на комисијата за финансии и Буџет - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 23.01.2019 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година;
- Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2019 година;
- Предлог - Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2019 година;

- Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2018 година; и
- Предлог - Одлука за одобрувањето на извештајот за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2019 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на благајнички максимум за 2019 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за поништување на Одлуката за изменување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, заради остварување на заедничка цел - изградба, реконструкција и санација на улици во населените места во Општина Гази Баба.**

Претседателот на статутарно-правната комисија - **Александар Трајковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 23.01.2019 година.

Комисијата предлага Советот да го донесе следниот материјал:

- Предлог - Одлука за поништување на Одлуката за изменување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, заради остварување на заедничка цел - изградба, реконструкција и санација на улици во населените места во Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за поништување на Одлуката за изменување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, заради остварување на заедничка цел - изградба, реконструкција и санација на улици во населените места во Општина Гази Баба, со **26 гласа "ЗА"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за именување на претставници од Општина Гази Баба во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседавачот на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Гази Баба - **Александар Трајковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 23.01.2019 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за именување на претставници од Општина Гази Баба во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;
- Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Григор Прличев" - Скопје;
- Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за определување на членови од Советот на Општина Гази Баба, за учество во склучување на бракови во матична служба на Град Скопје и месните канцеларии во Општина Гази Баба; и
- *Предлог - Одлука за избор на командир на полициска станица од општа надлежност - Гази Баба.

** Комисијата му предлага на Советот **да не изврши избор на командир** на полициската станица од општа надлежност - Гази Баба од предлог-листата на кандидати за избор на командир на полициската станица од општа надлежност - Гази Баба, бр.09-206/1 од 21.01.2019 година, предложена од министерот за внатрешни работи.*

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за именување на претставници од Општина Гази Баба во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со **25 гласа "ЗА"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Григор Прличев" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Григор Прличев" - Скопје, со **25 гласа "ЗА"**.

**ДЕВЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за определување на членови од Советот на Општина Гази Баба, за учество во склучување на бракови во матична служба на Град Скопје и месните канцеларии во Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на членови од Советот на Општина Гази Баба, за учество во склучување на бракови во матична служба на Град Скопје и месните канцеларии во Општина Гази Баба, со **27 гласа "ЗА"**.

**ДЕСЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2018 година.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **Андреа Најденовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 23.01.2019 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2018 година; и
- Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2019 година **(со измени и дополнување во текстот на Предлог-Програмата).**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2018 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2019 година (со измените и дополнување во текстот), со **27 гласа "ЗА".**

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за одобрувањето на извештајот за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Мене не ми е јасно зошто согласно ЗЛС финансирањето од централната власт не е 100% туку само за половина од долговите. Исто така не ми е јасно зошто се прави дисконт при договарањето и отпишувањето на каматите. Пораката која се праќа до идните доверители ќе биде доста критична и ќе дојдеме до ситуација никој да не се јавува на идните тендери низ општините.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Во врска со оваа Предлог-Одлука, мора да истакнеме дека има случај со доспеани обврски од минатото. Како споредба во врска со бесправниот објект кај Елктроелемент што е предмет на дискусија веќе неколку седници, да беше тој објект легален, надоместокот за уредување на градежното земјиште би изнесувал 100.000 € приход на општината. Ова е класичен пример како низ раце низ минуваат пари. Ако ова стане пракса нема да биде добро. Потребно е да се доекипираат секторите во општината, се со цел да бидат поприсутни на терен. Во минатото постојано во јавноста се употребуваа термини "урбана мафија" и "загадување", но по промената на власта тоа не е случај.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Мора да ја појасниме состојбата. Знаете дека направивме пресек на долговите заклучно со 31.12.2018 година. Согласно законот бевме должни долгот да го пријавиме. Со новото законско решение се прати јасна порака дека ЕЛС мора да се растеретат од доспеаните а неплатени долгови. Ние како општина не сме во категорија на високо задолжени општини, но има доспеани долгови и истото ни беше оптеретување и при предлагање на Буџетот за 2019 година. Сега ќе биде многу порастеретено. За ваша информација, ние сме прва општина во Република Македонија која го заврши јавниот повик, подготвен е извештајот и се предлага на советот донесување на ваква одлука. Дисконтот е на предлог на министерството за финансии каде се даде предност на некои од општините. Кај нас имавме разбирање од фирмите околу откажување од каматите, процентот не е голем односно истиот е до 15%. Составени се уредни записници и се надевам дека советот ќе ја донесе одваа Предлог-Одлука. Останатите 49% од долговите кои се наша обврска, истите ќе се сервисираат тековно, најавени се инвестиции а како приходи се очекува и по основ на надоместок за уредување на градежното земјиште.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Бидете убедени дека овие правни субјекти кои се откажаа од каматите, нема да се јават на следните тендери во општината. Тоа се правни субјекти кои вршат јавни услуги и ќе имаме проблем со следните тендери, односно истите нема да имаат интерес да се пријавуваат и да вршат работи за општината. Едноставно нема да им биде економски исплатливо, односно нема да имаат заработка.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

По обичај на оваа проблематика секогаш полемизираме со колегата Кутлешовски. Јас сум изненаден од нивото на песимизам кај колегата во врска со оваа мерка. Од една страна буџетот е неразвоен иако е поставен во рамки за кои што полемизиравме и мислам дека на крајот стана јасно, дека ако поднесеш проект и тој проект е добар, државата ќе одобри пари. За ваша информација во врска со постојаните искажувања на колегата дека треба да се добијат средства од централната власт, за вакум канализацијата во н.м Јурмлери се добиени дополнителни 20.000.000,00 денари од централната власт. Можеме да разговараме дали ова мерка е економска и морална и дали сите општини се ставени во рамноправна положба. Вие секогаш тврдите дека општините што се презадолжени, многу работеле, со што јас не се согласувам. Околу делот дека фирмите ќе немаат заработка и од тие причини нема во иднина да се јавуваат на идните тендери во општината, повторно неможам да се сложам со вас. Ако одредена фирма добила тендер, таа иста фирма претходно кога се јавила и понудила цена за одредена услуги има вкалкурирано и определена заработка.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

За овие 31 доверител наведени во извештајот, гарантирам дека нема да се јават на идните тендери во општината. Доколку некој се јави, молам да бидам информиран и ќе се извинам. Ова е лош сигнал за приватниот бизнис, тој што работел во приватниот бизнис сектор знае што претставува оваа мерка.

Претставник од општинската администрација - **Светислав Апостолов**:

Даде конструктивен придонес во дискусијата и упати апел да се насочат силите кон соодветни измени и дополнувања на законските решенија, се со цел да се справуваме со причините а не со последиците.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:
Се согласувам со дискусијата.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за одобрувањето на извештајот за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски, со **27 гласа "ЗА".**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

**Давам пауза од 20 минути** (по сопствена оцена).

Се задолжува комисијата за финансии и Буџет да одржи седница и да завземе став по однос на:

14. Предлог - Одлука за финансиска поддршка на бранителите и нивните семејства, учесници во конфликтот во 2001 година кои живеат на територија на Општина Гази Баба; и
15. Предлог - Одлука за итна набавка на прочистувачи на воздухот;

Се задолжува комисијата за негување и чување на традициите на македонскиот народ, заедниците и македонската држава и заштита на историските споменици и спомен обележја, да одржи седница и да завземе став по однос на:

16. Предлог - Заклучок за прифаќање на иницијатива за подигање на спомен - обележје во знак на почит и сеќавање кон загинатите во поплавите од 6-ти август, 2016 година.

**По паузата.**

**ТРИНАЕСЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за избор на командир на полициска станица од општа надлежност - Гази Баба.**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Од стручната служба сме известени дека на 21.01.2019 година, согласно законот, уредно е доставена предлог-листа за избор на командир на полициската станица од општа надлежност - Гази Баба, поднесена од министерот за внатрешни работи - г-дин Оливер Спасовски.

Претседателот на Советот отвори претрес по однос на предлог-листа за избор на командир на полициската станица од општа надлежност - Гази Баба.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Се покажа дека советничката група на која припаѓам била во право кога претходно реагираше дека командирот не е избран во согласност со законот. Од тие причини се чекаше повеќе од една година за да се предложи соодветна одлука. Во однос на предложените кандидати, советничката група на Коалицијата "За подобра Македонија" ќе го подржи кандидатот Сашо Велковски при изборот за командир на полициската станица.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Како член на комисијата за општествени дејности, постојано реагиравме на предложените материјали кои се однесуваа на работата на ПС од ОН Гази Баба, од едноставна причина што на материјалите во континуитет беше потпишан еден од предложените кандидати иако не беше избран со одлука на Советот на Општина Гази Баба, туку именуван за вршител на должност со наредба од ресорниот министер. Не навлегувам во дискреционото право на министерот да ја предложи листата за избор на командир, но морам да реагирам дека освен описни податоци за кандидатите, нема ништо друго а најмалку професионално искуство, стекнати вештини, сектор во кој работеле итн. Го познаваме г-дин Велковски и се приклучувам на поддршката која претходно ја даде координаторот на советничката група, колегата Најденовски. Се надевам дека функцијата ќе ја извршува совесно и во интерес на граѓаните.

Член на Совет - **Милица Бубало** (коалиција предводена од СДСМ):

Мило ми е што како советнички групи имаме заеднички став по однос на предложениот кандидат за командир, г-дин Сашо Велковски. И досега во изминатиот период покажа дека има идеја како понатаму да ја зголеми безбедноста на граѓаните

во општината. Тука е пред се отварањето на канцеларијата за превенција во н.м Стајковци и во Сингелиќ, а тука е се рабира и фактот штој тој секогаш има одговор на сите случувања во општината.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Колеги ќе се придружам кон двете советнички групи за поддршка на кандидатот за командир, г-дин Сашо Велковски. За него ќе гласам од причина што остана должен оваа година нешто да направи, за да се задржи континуитетот во неговата работа. Тоа што го започнал во својство на в.д командир е редно и да го заврши како командир на полициската станица. Истиот е член на Локалниот совет за превенција и оттука предлагам најмалку еднаш месечно да има седници на ЛСП.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Мило ми е што има консензус за единствениот кандидат за командир кој доаѓа од нашата општина. На овој начин даваме импулс и поддршка како кон идниот командир така и кон полициската станица. Верувам дека во името на Сашо Велковски ќе имаме врвен професионалец при извршување на својата функција.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

По спроведување на гласањето за командир на ПС од ОН Гази Баба **со 25 гласа "ЗА"** за командир на ПС од ОН Гази Баба беше избран **САШО ВЕЛКОВСКИ од Скопје**.

Советот ја донесе Одлуката за избор на командир на полициска станица од општа надлежност - Гази Баба, со **25 гласа "ЗА".**

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за финансиска поддршка на бранителите и нивните семејства, учесници во конфликтот во 2001 година кои живеат на територија на Општина Гази Баба.**

Претседателот на комисијата за финансии и Буџет - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 25.01.2019 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Одлука за финансиска поддршка на бранителите и нивните семејства, учесници во конфликтот во 2001 година кои живеат на територија на Општина Гази Баба; и
- Предлог - Одлука за итна набавка на прочистувачи на воздухот.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Во својство на предлагач ја образложи предложената одлука и истакна дека на наредната седница ќе се формира посебна комисија.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Советничката група на која приаѓам не ѐ е против донесување на оваа одлука иако гласавме воздржано при усвојување на дневниот ред. Меѓутоа, предлагање на одлука на самата седица на совет е недозволиво. Бранителите уживаат одредени бенефиции од државата. Осумнаесет години поминаа од воениот конфликт и дури сега се предлага донесување на ваква одлука, што неможе да се разбере поинаку од тоа дека се работи за популистичка мерка. Барем Предлог-Одлуката да беше комплетна, да имавме точен број на бранители од територијата на општината. Тука немаме никакви конкретни податоци што всушност се бара. Основата мора да биде поткрепена со основни информации, проценки и можни импликации. Ако е целта политички поени и да излезете на прес конференција, тоа е дневна политика.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Искрено жалам што колегата Ристов во име на советничката група на која припаѓа ја пропушти шансата да даде поддршка на оваа Предлог-Одлука. Не е точно дека постои Закон за бранители. Таков Предлог-Закон беше предложен и опструиран со над 20.000 амандмани и не се донесе. Предлог-Одлуката е јасна од што треба да се ослободат бранителите или нивните семејства. Точно е дека нема дополнителни информации но од тие причини како што истакнав на наредната седница ќе се формира комисија која ќе ги разгледа пристигнатите барања и истите ќе ги процесуираме преку советот. СДСМ ја пропушти шансата.

Од тие причини, согласно член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, барам поименично гласање за оваа точка, односно членовите на Советот усно да се произнесат дали се **за, против или воздржани** за оваа точка.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Денес очигледно е дека е ден наменет за политички игри. Ако оваа Предлог-Одлука со 20 збора е наводна грижа за бранителите, да си станеме и да си одиме дома. Поминати се 17 години од воениот конфликт. Во овој совет со континуирано мнозинство на ВМРО-ДПМНЕ, никогаш претходно не била иницирана постапка за донесување на одлука од ваков карактер. Мој предлог е да седнеме, да анализираме заеднички и да донесеме издржана одлука. Целата поента е дека оваа Предлог-Одлука вака концепирана неможе да биде сериозно решение и основа за евентуални дополнителни бенефиции за бранителите односно членовите на нивните семејства.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Колега Ристов искрено незнам зошто сметате дека за оваа Предлог-Одлука, треба да седнеме заеднички. Вие како советничка група од формирањето на овој совет не сте дале апсолутно никаков предлог. Велите Предлог-Одлуката имала само "20 збора" !?. Тоа незначи ако има само "20 збора" дека неможе да биде добра одлука. Зошто некој недонел претходно е друго прашање. Колегата Трајковски едноставно и јасно истакна дека ќе се формира комисија и ќе се утврди кој има право на овие бенефиции.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Јас ја разбирам нервозата кај колегите и знам дека се убедени и самите дека неможе да се брани нешто што реално не се брани. Колегите имаат време да дадат поддршка за оваа Предлог-Одлука. Јас јасно истакнав дека допрва треба да се формира комисија која ќе утврди дали и колку барања се пристигнати. Таа комисија ќе направи претходна проценка колку би изнесувале издатоците за училишни екскурзии, за ужинка во училиштата, за оброци во градинките итн. Ова е значи само почеток. Можеби ќе има само 10 луѓе. Колегите не се во право, со оваа Предлог-Одлука само се отпочнува процесот.

Член на Совет - **Елизабета Стојменова** (коалиција "За подобра Македонија"):

Јас можам да говорам за една бенефиција која ја имаа бранителите а се однесува на ослободување од партиципација за здравстени услуги за нив и нивните семејства. Постапката беше таква да прибавуваа уверенија од МВР и МО дека имаат статус на бранители.

Член на Совет - **Зоран Стојанов** (коалиција предводена од СДСМ):

Не гледам дека има разбирање дека претходно треба да ги имаме информациите за да разговараме и да видиме дали е ова можно и во рамките на законот. Колегата Трајковски истакна дека тука нема ништо страшно односно дека оваа Предлог-Одлука е само почеток. Јас ја читам сосема поинаку односно во одредбите нема никаде дека дополнително треба нешто да се утврдува. Предлог-Одлуката е сосема јасна и не остава простор дека дополнително треба нешто да се стори. Таа комисија што треба да се формира ќе утврди евентуално само точен број на баратели. Но каде е тука проценката на финансискиот товар ?. Пак ќе истакнам дека оваа Предлог-Одлука требаше и мораше многу порано да биде поднесена. Јас пред мене го имам *Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства*. Во член 7 таксативно се наведени нивните права, односно тие имаат право на: 1) ослободување од учество со лични средства при користење на здравствени услуги; 2) вработување; 3) стан под закуп - станбено згрижување; 4) еднократен паричен надоместок; 5) права од областа на образованието и 6) семејна пензија. Ако овој закон е важечки, треба да почекаме со оваа Предлог-Одлука. Не е коректно да се истакнува дека некоја советничка група е за помош а друга се противи. На ваков начин се става општината пред свршен чин.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Колега Стојанов, не постои регистар на бранители ниту на локално ниту на државно ниво. Со оваа Предлог-Одлука никој никого не става пред свршен чин. Незнаеме однапред колкав ќе биде бројот на баратели кои ќе докажат дека имаат статус на бранители. Незнаеме и за опсегот на нивните семејства. Дајте му шанса на целиот процес, кој ќе започне денес а ќе заврши кога комисијата формирана од советот ќе изготви извештај и ќе го достави до советот. Отпосле се носи одлуката. Немојте да го опструирате целиот процес во самиот старт.

Член на Совет - **Зоран Стојанов** (коалиција предводена од СДСМ):

Колега Трајковски ја невелам дека нетреба да биде така, јас не сум правник. Одредбите во Предлог-Одлуката се јасни, текстот не è таков како што тврдите вие. Од мој аспект ова е во самиот старт обврзувачка одлука. Во законот кој го цитирав јасно стои кои органи издаваат уверение со кое се докажува статус на бранител. Ако мене лично ме прашувате, јас ќе бев прв ако вие станевте и кажевте дека сте против одлуката на Општина Сарај со која се ослободени од обврски припадниците на ОНА. Со ова не се праќа добар сигналн од аспект на подобрување на меѓуетничките односи.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Факт е дека советниците не се доволно подготвени, односно не ни можеа да бидат подготвени за оваа Предлог-Одлука. Истиот случај е и со предлагањето на Предлог-Одлуката за набавка на пречистувачи на воздухот, а на една од претходните седници се примија прочистувачи на воздухот отстапени од ресорното министерство. Ако ова не е популистичка Предлог-Одлука, јас незнам што е !?. Во врска со текстот на оваа Предлог-Одлука јас предлагам да се промени насловот на Предлог-Одлуката и истата да се однесува и да се задржи само на формирање на комисија и да се застане тука. Јас поради службени обврски неможам да бидам присутен понатаму и да го следам текот на оваа седница. Немојте да си играте со емоции кои се дел од минатото на оваа држава.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Градоначалникот беше јасен кога истакна дека нема да биде присутен понатаму, а како точка имаме советнички прашања.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Поради понатамошно отсуство на Градоначалникот на Општина Гази Баба, нема потреба од точка - советнички прашања, односно во име на советничката група истата **ја повлекуваме**.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Со оглед на тоа дека имаме пријава за бесправна градба, а повлечени се советничките прашања, ја задолжувам комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина на Советот на Општина Гази Баба, утре 26.01.2019 година (сабота) да се состане во просториите на општината и со претставници на инспекторатот и секторот за урбанизам да извршат увид на лице место.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Предлог-Одлуката е сосема јасна и истата не предизвикува финансиски импликации во расходната страна на Буџетот на општината.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

И јас и колегата Стојанов бевме јасни во делот дека треба претходно да се анализира целата состојба, претходно да се формира комисија која ќе го отпочне процесот и дури потоа да се донесе оваа Предлог-Одлука.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Јас незнам од што се плашите во врска со оваа Предлог-Одлука. Како што спомна колегата Кутлешовски, оваа Предлог-Одлука нема да има импликации по Буџетот на општината. Ние нема од средства на Буџетот на општината да префрламе пари, туку со одлука истите ќе бидат ослободени од плаќање.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Ние советниците кои сме дел од советничката група на коалицијата предводена од СДСМ, во однос на оваа Предлог-Одлука сметаме дека е непотполна и недоволно разработена во однос на материјалот. Она што го предлагаме е во Предлог-Одлуката, член 1 да се избрише од текстот, за да може комисијата која би се формирала, претходно да направи детална анализа, регистар и целосна проценка за тоа што би значела оваа финансиска поддршка за бранителите, се со цел кога ќе се комплетира процесот, член 1 дополнет со нови алинеи да биде повторно дел од одлуката, односно опфатот да биде многу поширок од она што сега се предлага.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Колегите Кутлешоски и Трајковски убаво напоменаа дека со оваа Предлог-Одлука не се оптеретува Буџетот на општината. Ниту еден совет во државата во кој во мнозинство е СДСМ не прифатија донесување на одлука од ваков карактер. Во сите совети во кој се застапени советници од ВМРО-ДПМНЕ беше предложено донесување на ваква одлука и во ниту еден случај не беше донесена.

**Давам пауза од 5 минути** (по сопствена оцена).

**По паузата.**

Член на Совет - **Јорданчо Тодосиев** (коалиција предводена од СДСМ):

Едноставно прашање да поставам. Ако со одлука се ослободуваат од плаќање на училишни екскурзии и оброци во градинките, кој намосто нив ќе ги сноси тие трошоци? Мора некој да ги сноси тие трошоци. Со одлуката се ослободуваат но не се знае кој наместо нив тие трошоци ќе ги покрие, а велиме дека Буџетот на општината не се оптеретува. Јас не ја разбирам смислата на оваа Предлог-Одлука и се согласувам со претходниот предлог на колегата Ристов.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Доколку сепак има финансиски импликации по Буџетот на општината, ние ќе предложиме истите да се платаат од нашите паушали како советници.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Ја образложи детално Предлог-Одлуката и истакна дека ќе има импликации само по однос на приходната ставка на Буџетот на општината. Надоместоците по однос на екскурзии, оброци можат да се регулираат во самите јавни повици на институциите, односно истите претходно би биле информирани од страна на новоформираната комисија на советот за точниот број на оваа категорија на лица. За основните училишта знаете дека имаат и сопствен буџет, имаат приходи од наем на простории итн. Ова може многу елегантно да се реши. Ние со претходната одлука имавме директен упад и кршење на ЗЛС од страна на централната власт каде фискално интервенираа во единиците на локалната самоуправа, но тоа претходно го елаборирав. Треба да покажеме добра волја и да му дадеме шанса на процесот. Нашиот пример треба да го следат и останатите ЕЛС.

Член на Совет - **Расим Али** (коалиција предводена од СДСМ):

Јас учествував во конфликтот во 2001 година, но на спротивната страна во редовите на ОНА. Сакам одговор од предлагачот на Предлог-Одлуката на прашањето како ќе се постапува ако јас како учесник во конфликтот поднесам барање врз основа на оваа Предлог-Одлука

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Предлог-Одлуката е јасна. Истата се однесува на бранителите од редовите на безбедносните структури на Република Македонија.

Член на Совет - **Зоран Стојанов** (коалиција предводена од СДСМ):

За време на паузата од стручната служба го добивме пречистениот текст на *Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства* кој е во правна сила. Со тој закон се обезбедени многу поголеми права. Предлагам да го погледнете законот. Поради изнесеното:

Барам пауза од 5 минути. Барањето е поткрепено од 5 советници.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Исполнети се условите во согласност со Деловникот.

Давам пауза од 5 минути.

**По паузата.**

Член на Совет - **Јорданчо Тодосиев** (коалиција предводена од СДСМ):

Кога се веќе таксативно наведени погодностите, дополнете барем и околу списанија. Да бидат ослободени и од плаќање на списанија во училиштата

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата на барање на членот на Советот - Александар Трајковски, врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, ја стави на поименично гласање.

| Р.БРОЈ | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ЗА | ПРОТИВ | ВОЗДРЖАН |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ТОНИ БОЈКОВСКИ | √ | | |
| 2. | ДИЈАНА ИЛИЕВСКА | √ | | |
| 3. | ИВИЦА ПЕТРОВСКИ | √ | | |
| 4. | ВАЛЕНТИНА ПЕТРОВСКА | √ | | |
| 5. | РИСТО ДОНЕВ | √ | | |
| 6. | БЛАГЕ ДАНЕВ | √ | | |
| 7. | АНДРЕА НАЈДЕНОВСКИ | √ | | |
| 8. | ЗЛАТА ТАШЕВСКА | √ | | |
| 9 | МИЛКА ВИДОВСКА | √ | | |
| 10. | д-р САШО КУТЛЕШОВСКИ | √ | | |
| 11. | ЕЛИЗАБЕТА СТОЈМЕНОВА | √ | | |
| 12. | АЛЕКСАНДАР ТРАЈКОВСКИ | √ | | |
| 13. | м-р ЖИВКО БЕЛЧЕВ | √ | | |
| 14. | БЛАГОЈ АТАНАСОВ | √ | | |
| 15. | РАСИМ АЛИ | | √ | |
| 16. | МИЛИЦА БУБАЛО | | НЕ ГЛАСАЛА | |
| 17. | ЃОРЕ СТОЈКОВСКИ | | НЕ ГЛАСАЛ | |
| 18. | САШКО ЦВЕТКОВСКИ | | НЕ ГЛАСАЛ | |
| 19. | МАРТИНА НАУМОВСКА | | НЕ ГЛАСАЛА | |
| 20. | БЕРАТ ВЕСЕЛ | | НЕ ГЛАСАЛ | |
| 21. | ЗОРАН СТОЈАНОВ | | НЕ ГЛАСАЛ | |
| 22. | СЛАЃАНА СИМЕОНОВА - ВАСИЛКОВСКА | | НЕ ГЛАСАЛА | |
| 23. | ЈОРДАНЧО ТОДОСИЕВ | | НЕ ГЛАСАЛ | |
| 24. | ДЕЈАН ДИМИТРОВСКИ | | | √ |
| 25. | СОФИЈА СЕТИНОВА | | НЕ ГЛАСАЛА | |
| 26. | м-р МАРТИН РИСТОВ | | НЕ ГЛАСАЛ | |
| 27. | ЗОРАН ЃОРЃЕВИЌ | | НЕ ГЛАСАЛ | |

Советот ја донесе Одлуката за финансиска поддршка на бранителите и нивните семејства, учесници во конфликтот во 2001 година кои живеат на територија на Општина Гази Баба, со **14 гласа "ЗА" и 1 глас "ПРОТИВ" и 1 глас "ВОЗДРЖАН".**

**ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за итна набавка на прочистувачи на воздухот.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Согласно член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, барам поименично гласање за оваа точка, односно членовите на Советот усно да се произнесат дали се **за, против или воздржани** за оваа точка.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Известени сме од Градоначалникот на Општина Гази Баба дека веќе претходно се набавени прочистувачи на воздухот. Барам појаснување од предлагачот дали ја имале оваа информација пред да биде поднесена Предлог-Одлуката или целта е двојно да се зголеми бројот на прочистувачи на воздухот.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Ја цитираше Предлог-Одлуката и истакна дека се однесува само за оние простории каде што нема прочистувачи како што е случајот со објетите на училиштатат каде нема ниту еден прочистувач на воздухот. Во објектите на градинките нема во сите простории, и потребно е да се види во колку простории нема.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Ова е Предлог-Одлука за итна набавка на прочистувачи на воздухот. Да беше насловена како информација која треба да се обезбеди па отпосле да ја носиме оваа Предлог-Одлука, во ред. Овде во текстот така не ѐ наведено. Нашето е барање е претходно да се обезбеди информација каде точно недостасуваат прочистувачи на воздухот.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Јас незнам како треба да се напише Предлог-Одлуката за да ви биде појасна. Сметам дека нема потреба од дополнителен амандман за да ви биде појасно. Во ниту едно училиште нема, во објектите на градинките има но не секаде. Го бараме точниот број на простории каде недостасуваат.

Член на Совет - **Милица Бубало** (коалиција предводена од СДСМ):

Сите добро читаме и знаеме како да читаме (ја цитираше Предлог-Одлуката). Градоначалникот на Општина Гази Баба беше јасен кога истакна дека веќе има набавени прочистувачи на воздухот, а овие средства кои би се потрошиле во однос на оваа Предлог-Одлука би можеле да се искористат за други работи. Потребно е претходно да се прибави информација каде недостасуваат, па потоа да ја носиме оваа Предлог-Одлука.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Многу е едноставно, во ниту едно училиште нема прочистувачи. Тоа се веќе околу 110, односно во просек по 10 простории од училиште, некаде има помалку некаде повеќе простории. Ние неможе однапред да знаеме, затоа во Предлог-Одлуката е јасно наведено дека секторот за јавни дејности треба да ја подготви таа информација, за училиштата и градинките. Неможеме напамет да говориме. И да набавиме повеќе не е проблем, ќе ги донираме таму каде се потребни. Неможе да има вишок на прочистувачи на воздух, и ова во секој случај е добра мерка.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Се обрати до стручната служба за да се изнајде начин на поднесување на амандман во услови кога писарницата на општината не работи.

Претставник од општинската администрација - **Васко Апостоловски**:

Усно од говорница неможе да се менува текст на Предлог-Одлука. Стручната служба Ви стои на располагање за изготвување на амандманот. Потребна е кратка пауза за изготвување.

Член на Совет - **Дејан Димитровски** (коалиција предводена од СДСМ):

Искрено би ги замолил колегите од советничкате група на коалицијата "За подобра Македонија", да ја повлечат оваа Предлог-Одлука од причина што за мене ова не è мерка за намалување на загадување на воздухот. Ние со истите не спречуваме никакво загадување. Ние со тие средства може да направиме многу повеќе за децата. Ќе вработиме плус двајца инспектори, ќе засадиме 200 дрва. Предлог-Одлуката е непотребна и нема да направиме ништо конкретно за децата. Ние треба да ги спречиме предизвикувачите на загадувањето.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Колега Димитровски, ние со оваа Предлог-Одлука не спречуваме загадување и тоа е точно што го истакнавте, но сепак делуваме превентивно. Дали знаете колку луѓе се вработени во општинската администрација во последната година?. Сите тие се вработени во најразлични сектори - јавни набавки, фотографи, а немаме уште еден градежен инспектор. Имаме еден а претходната се брка од работа. Комунални редари и 15 се малку. Немора сите да бидат сместени тука со канцеларии. Гледајќи го теренот точно знам што е потребно. Тие луѓе ми се колеги. Одат во смени и во сабота и недела. На терен не си дрон, туку треба по пријава да постапиш, да направиш записник и да се видиш со луѓето и пола ден поминал. Комунални редари се дефицит. Немора да се сместени сите тука, ги имаме канцелариите на техничките секретари по месните заедници и нема проблем таму да бидат распоредени. Се сложувам дека треба комунални редари и градежни инспектори да се вработуваат. Ние не велиме дека веднаш ќе се дадат тие средства, но нека има одлука. Знаеме дека нема пари и сите сме свесни за тоа. Јас ве разбирам во потполност дека со оваа мерка не се спречува загадувањето. Во идниот ребаланс на Буџетот е потребно да се издвојат многу повеќе средства за оваа намена.

Член на Совет - **Елизабета Стојменова** (коалиција "За подобра Македонија"):

Колега Димитровски мене многу ми е жал што се укина акцијата за садење на дрва. Каква таква вршеше работа. Постојат места во општината каде тоа успеа. Што се однесува до амандман, сметам дека текстот на Предлог-Одлуката е јасен и нема потреба од тоа.

Член на Совет - **Милица Бубало** (коалиција предводена од СДСМ):

Ја повтори претходната забелешка дека текстот на Предлог-Одлуката не è доволено јасен во делот на обврската на општинската администрација да прибави информација за вкупниот број на простории а не на прочистувачи.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Колешке Бубало ова не ѐ нормално. Ова е веќе ментална матрица. Вие колешке Бубало направете ја истата Предлог-Одлука со подобар текст. Една одлука, едно барање или еден амандман да видам и од ваша страна. Ако мислите дека е ова популизам, како и претходната одлука, предложете нешто и од ваша страна. Ниту едно барање не сте поднеле цела година, за било што. Ако се наоѓа мани во текстот, предложете вие на следната седница.

Член на Совет - **Милица Бубало** (коалиција предводена од СДСМ):

Претседателе воздржете се од навреди и спомнување на било какви ментални сотојби. Немојте да ги изврстувате зборовите. Јас бев јасна во мојата претходна дискусија. Ако има потреба да се доработи Предлог-Одлуката имаме правна служба. Ние како советничка група не сме против прочистувачи на воздухот

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Барам од стручната служба делот околу дисусијата на Претседателот на Советот за "менталниот склоп" да влезе во записник.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Колега Ристов "ментален склоп" може да значи и нешто позитивно. Барам од стручната служба и ова да влезе во записник.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Сите сме колеги и мора да внимаваме што говориме од оваа говорница. Во таа насока е потребно час поскоро да се воведе пренесување на седниците на советот во живо, односно воспоставување на live streaming. Тогаш секој од нас добро ќе внимава што говори од оваа говорница. За Ваша информација, од понеделник од секторот за финансиски прашања ќе побарам информација да ми се издадат сите податоци по "седмица" и "четворка" за да видиме како стоиме со средства во Буџетот на општината. Претседателот убаво напомена, ако нема средства ќе се остави набавката за подоцна. Неможе ако една општина нема пари, да работи, Ние сите чекаме на 15-ти во тековниот месец да ни се исплати паушал. Мора да бидеме свесни сите, а не само да чекаме. Ако сте членови на разноразни управни и надзорни одбори и имате приходи од повеќе страни, не значи дека не треба да размислуваме и да даваме предлози за подобрување на состојбите. Ние наеднаш престанавме да говориме што се случи со приливите од централната власт и од Град Скопје. Сите мораме да даваме предлози, па тие да бидат и непрактични. Колегата Трајковски е доста активен на овој план и е за секоја пофалба, тоа мора да се признае

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Повторно се дефокусираме од точката предмет на расправа. Вие колега Кутлешовски повторно продавате разноразни приказни. Еднаш не се одваживте да пофалите нешто, на пример мерката на Владата на РМ за покривање на долговите на општините. Не сте конзистентен во ставовите. Ние не велиме дека предлозите од колегата Трајковски се лоши, но ова практика на паушални изјави од говорница мора да престане.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Се согласувам со дискусијата на колегата Ристов дека треба да се пофали мерката на Владата на РМ во делот на покривање на долговите на општините. Но да ве прашам нешто друго колега Ристов. Со кое право Градоначалникот на општината на настан во н.м Јурумлери за вакум канализацијата беше присутен без да ја извести советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата ? Кој ги обезбеди тие 1.200.000 € !?. Да потсетам, донесена одлука од претходниот совет во соработка со претходната Влада на РМ. Како што отидовме во Јурмлери претходно пред истите луѓе, и сега требаше да се повикаат сите советници за да образложат каква помош му дадоа на Градоначалникот на општината. Беа прифатени 3-4 круцијални проекти благодарение и на овој совет и сите советници, пред се поради извршениот медиумски пристисок. Ова го нема во нити една општина. Најважно е да се исполни целта во корист на граѓаните.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата на барање на членот на Советот - Александар Трајковски, врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, ја стави на поименично гласање.

| Р.БРОЈ | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ЗА | ПРОТИВ | ВОЗДРЖАН |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ТОНИ БОЈКОВСКИ | √ | | |
| 2. | ДИЈАНА ИЛИЕВСКА | √ | | |
| 3. | ИВИЦА ПЕТРОВСКИ | √ | | |
| 4. | ВАЛЕНТИНА ПЕТРОВСКА | √ | | |
| 5. | РИСТО ДОНЕВ | √ | | |
| 6. | БЛАГЕ ДАНЕВ | √ | | |
| 7. | АНДРЕА НАЈДЕНОВСКИ | √ | | |
| 8. | ЗЛАТА ТАШЕВСКА | √ | | |
| 9 | МИЛКА ВИДОВСКА | √ | | |
| 10. | д-р САШО КУТЛЕШОВСКИ | √ | | |
| 11. | ЕЛИЗАБЕТА СТОЈМЕНОВА | √ | | |
| 12. | АЛЕКСАНДАР ТРАЈКОВСКИ | √ | | |
| 13. | м-р ЖИВКО БЕЛЧЕВ | √ | | |
| 14. | БЛАГОЈ АТАНАСОВ | √ | | |
| 15. | РАСИМ АЛИ | | | √ |
| 16. | МИЛИЦА БУБАЛО | | | √ |
| 17. | ЃОРЕ СТОЈКОВСКИ | | ОТСУТЕН | |
| 18. | САШКО ЦВЕТКОВСКИ | | | √ |
| 19. | МАРТИНА НАУМОВСКА | | | √ |
| 20. | БЕРАТ ВЕСЕЛ | | ОТСУТЕН | |
| 21. | ЗОРАН СТОЈАНОВ | | ОТСУТЕН | |
| 22. | СЛАЃАНА СИМЕОНОВА - ВАСИЛКОВСКА | | | √ |
| 23. | ЈОРДАНЧО ТОДОСИЕВ | | | √ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 24. | ДЕЈАН ДИМИТРОВСКИ | | | √ |
| 25. | СОФИЈА СЕТИНОВА | | | √ |
| 26. | м-р МАРТИН РИСТОВ | | | √ |
| 27. | ЗОРАН ЃОРЃЕВИЌ | | ОТСУТЕН | |

Советот ја донесе Одлуката за итна набавка на прочистувачи на воздухот, **со 14 гласа "ЗА" и 9 гласа "ВОЗДРЖАН".**

**ШЕСНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за прифаќање на иницијатива за подигање на спомен - обележје во знак на почит и сеќавање кон загинатите во поплавите од 6-ти август, 2016 година.**

Претседателот на комисијата за комисијата за чување и негување на традициите на македонскиот народ, заедниците и македонската држава и заштита на историските споменици и спомен обележја - **Милица Бубало**, поднесе извештај од седницата одржана на 25.01.2019 година.

Комисијата предлага Советот да го донесе следниот материјал:

- Предлог - Заклучок за прифаќање на иницијатива за подигање на спомен - обележје во знак на почит и сеќавање кон загинатите во поплавите од 6-ти август, 2016 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Согласно член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, барам поименично гласање за оваа точка, односно членовите на Советот усно да се произнесат дали се **за, против или воздржани** за оваа точка.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

И за оваа точка важи се што претходно истакнавме и се надеваме дека во иднина дополнувањата ќе бидат дадени претходно за да можеме да се запознаме со содржината на материјалите. Ние како советничка група сме за подигање на спомен-обележје, но доколку на истото спомен-обележје е наведен одговорниот за поплавите од 6-ти август 2016 година.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Искрено мислев дека колегата Ристов ќе побара да дискутираме каде да се наоѓа спомен-обележјето, на која улица, колку да биде висока и широка, кога тоа колегата бара да биде наведен "одговорниот за поплавите" !?. Ова е жалосно што се случува. Точно е дека треба и мора да се лоцира одговорност. Но да започнеме од тука со лоцирање на одговорноста, од оние што кога беа поплавите се ситеа на мртвите, што лажеа за бројот на загинати, од таа партија. Кога беа поплавите во н.м Јане Сандански и се поплавија домови на граѓани, тогаш кажав дека нема да го обвинуваме Градоначалникот на општината дека е виновен. Луѓето ги снајде несреќа

и требаше да им се помогне. Ние колега Ристов нема да бидеме како вас. Напротив колега Ристов, на наредната седница ќе предложам дополнување на Заклучокот на спомен-обележјето да стојат имињата на сите што помогнаа дење и ноќе, додека вие одевте низ улиците на Скопје и го уништувавте.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Многу сум непријатно изненаден од колегата Ристов. Да го прашам колегата дали тој знае кои се одговорните за поплавите, кога веќе сака да стојат на спомен-обележјето ?.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Колега Ристов ова што го изјавивте од говорница е срамно и жално и нека ви служи на чест.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Македонија, Скопје и Гази Баба долги години station наназад имаат проблем со погледнување на вистината во очи. Можеби тој проблем е половина век, кога емоцииите изнесувани јавно биле ставани како главен аргумент и начин за манипулација, бегање од вистината и уназадување на општеството. Оваа земја мора еднаш засекогаш да разграничи што е почит, што е слава, што е навистина пружано внимание и нешто позади кое се застананува, а сосема друга работа е погледнување на вистината во очи. Она што јас претходно го кажав нема никаква допирна точка со тоа што вие го кажувате, на емотивна основа. Одговорните мора да се пронајдат. Без да се најдат одговорните неможе да се гради иднината. Ова е флоскула на која ова наше разорено општество на секое поле не влече сите назад. Ние мора нашата енергија и сила на помладите и искуството на повозрасните да го искористиме за да се развиваме и да одиме напред.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Колега Ристов, за некоја работа треба да се има познавање за да се кажува или реплицира нешто. Можеби не сте запознаени, но непосредно по поплавите имаше вонредна седница на Владата. Јас во својство на координатор бев присутен а за нас немаше благодарници. Да не беше заобиколницата бројот на жртви ќе беше многу поголем, сигурно 1.000 на спиење само. Втора работа, ќе паднеше целата кампања дека дрвата се исечени. Скопска Црна Гора во тој дел никогаш немало и неможе да има дрва поради бесправната сеча и самото земјиште. Но да не се погледне во очи кога "нашата" политичка опција е на власт, не è во ред. Можеби ние не сме гледале но и вие не признавате дека сега не сакате да видите. Ние уште неможеме да ја дознаеме вистината, а таа е една. Треба да бидете реални, за овие две години централна власт да кажете дека она што оваа Влада го работи, не è во ред. Кој да одговара ?, таа обиколница е ваш проект а изграденена е во време на претходната влада. И кој е сега виновен, ние или вие ?. Само во н.м Стајковци пострауматски имаме над 90 жртви, а претходно беа здрави и живи. Се разболеа и починаа подоцна.

Член на Совет - **Милица Бубало** (коалиција предводена од СДСМ):

Почитувани колеги, повеќе би се израдувала доколку претходно донесеме одлука да се пошуми Скопска Црна Гора како нешто што може во иднина да спречи поплави од ваков обем.

Член на Совет - **Благе Данев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Ако веќе инсистирате на спомен-обележјето да бидат наведени имиња на одговорни за поплавите, наведете ме и мене и градоначалниците Коце Трајановски и Тони Трајковски и советниците албанци од претходниот состав, кои беа на лице место веднаш по 20 часот кога престанаа врнежите.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата на барање на членот на Советот - Александар Трајковски, врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, ја стави на поименично гласање.

| Р.БРОЈ | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ЗА | ПРОТИВ | ВОЗДРЖАН |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ТОНИ БОЈКОВСКИ | √ | | |
| 2. | ДИЈАНА ИЛИЕВСКА | √ | | |
| 3. | ИВИЦА ПЕТРОВСКИ | √ | | |
| 4. | ВАЛЕНТИНА ПЕТРОВСКА | √ | | |
| 5. | РИСТО ДОНЕВ | √ | | |
| 6. | БЛАГЕ ДАНЕВ | √ | | |
| 7. | АНДРЕА НАЈДЕНОВСКИ | √ | | |
| 8. | ЗЛАТА ТАШЕВСКА | √ | | |
| 9 | МИЛКА ВИДОВСКА | √ | | |
| 10. | д-р САШО КУТЛЕШОВСКИ | √ | | |
| 11. | ЕЛИЗАБЕТА СТОЈМЕНОВА | √ | | |
| 12. | АЛЕКСАНДАР ТРАЈКОВСКИ | √ | | |
| 13. | м-р ЖИВКО БЕЛЧЕВ | √ | | |
| 14. | БЛАГОЈ АТАНАСОВ | √ | | |
| 15. | РАСИМ АЛИ | | | √ |
| 16. | МИЛИЦА БУБАЛО | | | √ |
| 17. | ЃОРЕ СТОЈКОВСКИ | | **ОТСУТЕН** | |
| 18. | САШКО ЦВЕТКОВСКИ | | **ОТСУТЕН** | |
| 19. | МАРТИНА НАУМОВСКА | | | √ |
| 20. | БЕРАТ ВЕСЕЛ | | **ОТСУТЕН** | |
| 21. | ЗОРАН СТОЈАНОВ | | **ОТСУТЕН** | |
| 22. | СЛАЃАНА СИМЕОНОВА - ВАСИЛКОВСКА | | | √ |
| 23. | ЈОРДАНЧО ТОДОСИЕВ | | **НЕ ГЛАСАЛ** | |
| 24. | ДЕЈАН ДИМИТРОВСКИ | | | √ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 25. | СОФИЈА СЕТИНОВА | | | √ |
| 26. | м-р МАРТИН РИСТОВ | | | √ |
| 27. | ЗОРАН ЃОРЃЕВИЌ | | ОТСУТЕН | |

Советот го донесе Заклучокот за прифаќање на иницијатива за подигање на спомен - обележје во знак на почит и сеќавање кон загинатите во поплавите од 6-ти август, 2016 година, **со 14 гласа "ЗА" и 7 гласа "ВОЗДРЖАН".**

**СЕДУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Информација за статусот на административниот службеник Елисавета Најдовска.**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Од стручната служба сме информирани дека е доставено известување бр.04-319/1 од 25.01.2019 година.Отварам расправа.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Во последниот пасус од известувањето бр.04-319/1 од 25.01.2019 година е наведено дека општината повела управен спор пред Управен суд, по однос на второстепената одлука на државната комисија и од тие причини административниот службеник не се враќа на работа. Сакам да истакнам дека согласно законот, општината нема право да заведе управен спор. Во правната поука на одлуката на второстепениот орган, бр.09-710/4 е јасно наведено дека право со тужба да поведе управен спор има само незадоволниот админстративен службеник а не и институцијата. Ова што и се случува на административниот службеник е политички реваншизам. Очигледно е дека им ги има измешано картите на некои моќници кои во позадина управуваат со општината. Истите тие моќници кои фингираат и фалсификуваат записници за контролни наоди. Но сето тоа ќе биде постапка за многу скоро време пред надлежните институции. Како советничка група, преку координаторот ќе бараме од Градоначалникот на општината да го врати административниот службеник, кој три месеци доаѓа на работа секојдневно, не и тече стаж и не прима плата. Не само за овој административен службеник, туку ова нема да го дозволиме за било кој службеник. Ве молам Претседателе оваа дискусија да биде во форма на предлог-заклучок на нашата советничка група.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Да влезе во записник.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - **Тони Бојковски** ја заклучи Деветнаесеттата седница на Советот на Општина Гази Баба, во 18,45 часот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски**